- Банкарска гаранција во висина на износот на одобрениот кредит.“

По став 2 се додаваат два нови става кои гласат:

„Како обезбедување кон договорот за кредит на износ над 6.100.000 денари потребно е кредитокорисникот да приложи:

- Хипотека од прв ред на недвижен имот најмалку во висина од 1:1,20 во однос на износот на одобрениот кредит и пресметаната камата, и меница авалирана од сопственикот/сите сопственици на кредитокорисникот со менична изјава за уредување на правата и обврските по меницата во форма на нотарски акт со извршна клаузула, или

- Банкарска гаранција во висина на износот на одобрениот кредит.

Проценката на заложениот имот со хипотека согласно став 2 и 3 од овој член се врши само при воспоставување на обезбедувањето од страна на овластен проценувач согласно позитивната законска регулатива.“

Член 5

Во член 8-а по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„За сите исплатени кредити, без разлика дали се за основни или обртни средства потребно е кредитокорисникот да приложи доказ за наменско користење на средствата.“

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

Бр. 41-4327/1
31 мај 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

---

**1744.**

Врз основа на член 44 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 мај 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

1. Во Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 29/20 и 73/21), во точка 1, во потточката б. алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„ - Маја Бошковска од Сојуз на синдикатите на Македонија,

- Мемедали Муареми од Сојуз на синдикатите на Македонија,“.

Во потточка в. алинејата 1 се менува и гласи:

„ - Ленче Коцевска, Министерство за труд и социјална политика,“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3775/1
31 мај 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1745.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), член 8 став (3) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22 и 125/22) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.238/21 и 52/22) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 03.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат: